## Ф У Д Б А Л ВО ЛЕШОК ( ФУЗБАЛ, ТОПКА, ФУТБАЛ )

Сеќаање за моето убоо детињство у Љешек * )



( Мите Спироски-Кумита-Гравче од Љешек, четворто оделение,1960 год.)
( Mite Spiroski-Kumita-Gravce from Ljesek, 4 -th klas,1960 )

Текстоф го пишуем на љешечки дијалект и како што зборефмо мие децата у моето детињство, когај играфмо иљи ги слушафмо постарите људи когај збореја меѓу себе.

Сум се родил у четворток, 29 Септември 1949 година у 9,15 саат насабајље. Роден сум посље 4 д,на откако ФК Љешек га извојуал првата победа у фузбал и го победил ФК Непроштено со 3:1. Тогаја тато играл фузбал и го дал победоносниот гол.
Ја имаф една сесра и едан брат. Сесрата се вика Милица, а ја га викаф Чеча, братот се вика Мирко, кој го викаф Апо. Имаф и прва братучеда Рада и едан братучед Борче. Свите деца живефмо у куќата под Бучејца.У Љешек имаф појке братучеди и братучеде и млогу деца комшие и другари от Старо маало, Тенеке маало и от Долно маало.
Најдобар другар и прф комшија ми беше Душан Божиновски-М,зарак, а играфмо и со Боре-Аљаља, Мирко-Парип, Боре-Кинез, Трајче-Андон, Гордана-Праник, Рада-братучедата и др. деца.



( Душан Божиновски-М,зарак)
( Dusan Bozinovski-M,zarak)

* ) **Забелешка: Имав желба моите присетувања од моето детсво во Лешок, да ги напишам на Љешечки јазик-дијалект, за да ја претставам поубаво и посоодветно атмосферата и игрите кои ги игравме тогаш.**